ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 13.01.2016 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓеоргиевска, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Игор Додевски, Советник Александар Ангелов, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Дадено известување во врска со проектите за ул. Калин Камен и за проектот за тротоарите во општината.Никола Граматиков 13.1.2016

Да се изврши координација со изготвувачот во врска со проектот за Голема Сала. Никола Граматиков и Душко Арсовски 13.1.2016

Да се даде известување во врска со нафтата за чистење на речните корита. Александар Ангелов континуирано

Да се нарача проект за секундарна мрежа за Канализацијата Бојанов дол. Никола Граматиков 13.1.2016

Да се даваат известувања за Повеќенаменско игралиште. Никола Граматиков.

Одобренија за градба за канализација Мождивњак е правосилно, за локален пат во Конопница спој со А2 е правосилно, во тек на постпка за локален пат Ловечка Куќичка –Езерце, и за Бабин Дол. Никола Граматиков и Добривој Николовски 13.1.2016

Да се контактира со изготвувачот на проектот за регулација на коритото на Домачки Дол. Никола Граматиков и Томе Тодоровски 13.1.2016

За мостот во с. Длабочица да се изврши увид на лице место и да се види за поставување. Никола Граматиков 13.1.2016

За Крстата падина да се нарача проект за инфраструктура. Никола Граматиков 13.1.2016

Да се контактира со надлежните за поставување на јарболот со знаме на Р. Македонија. Никола Граматиков 13.1.2016

Да се види за проектите за водовод, канализација и пат во н.м. Мезовски Ливади 13.1.2016

Да се испрати извештајот за чистење на речните корита и да се види за преземање на нафтата 13.1.2016

Да се исчисти објектот на градинката во с. Конопница 19.1.2016

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Градоначалникот да се известува за активностите во врска со Урбанистичките планови. За изготвувањето на општите акти е дадено информација дека се изработуваат Мождивњак, Огут, Лозаново, Кошари, Градец. Добривој Николовски континуирано

За Урбанистичката документација за Жидилово доставено е полномошно до Агенција за планирање на простор, за Зелен Пазар до петок да се види за нацрт планот, од страна на комисијата да се разгледа и да се стави како точка на дневен ред на седница на Советот на општината. Добривој Николовски13.1.2016

За УП Центар да се обезбеди ажурирана геодетска подлога за Калин Камен да се види за ажурирана геодетска подлога и за опфатот земајќи ја во предвид скијачката траса. За мандра да се обезбеди одлуката на Влада за пренамена на земјиште.13.1.2016

За изготвените општи акти, корекциите да се достават на согласност, а за Генералниот урбанистички план да се пушти барање. Добривој Николовски 13.1.2016

Да се види за изработка на проекти за развој на туризмот, за патека за мотокрос да се види за спецификации што треба да содржи патеката, да се направат консултации за цена, должина и да се види за утврдување на локација. Добривој Николовски 13.1.2016

За капелата да се води постапка за одобрение за градба Добривој Николовски и Томе Тодоровски 13.1.2016

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Да се води постапката за оценување на административни службеници и да се види за план за обуки. Сите раководители пренесено од претходниот колегиум

Да се даде известување за јавните набавки за цевки, компас и рушење на диоградби. Биљана Тасевска 13.1.2016

**Одделение за инспекциски надзор**

**Одделение за финансиски прашања**

Известување дека средствата за исплата на штети од поплавите за објекти за домување е пристигната. Да се изврши координација со одделение за комунална инфраструктура и комисијата за процена на штети, да се обезбедат трансакциони сметки и според износот утврден со вештачењето да се започне со исплата. Да се подготви записник или договор во кој ќе се стави одредба дека средствата треба да бида искористени наменски за целта за која се доделени. Александар Ангелов и Татјана Ѓеоргиевска 13.1.2016

Да се види за распоредување на комуналните трошоци за користење на просториите со останатите институции во општината. Да се соберат сите потебни податоци да се даде предлог решение и да се повикаат корисниците на простории во општината. Да се даде известување до институциите да се поднесат барања за издвојување и поставување на сопствени електрични броила Татјана Ѓоргиевска и Јаготка Николовска.пренесено од претходниот колегиум

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Да се преземат подготвителни активности за Водици 13.1.2016

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

Континуирано да се даваат известувања за реализација на проектот Висока Зона лев брег. Томе Тодоровски. 13.1.2016 г.

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Изготвил И. Додевски

Крива Паланка 13.1.2016 година